Бр./Nr 12-1451/2

26-07-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1451/1 од 19.04.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1451/1 од 19.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 19.04.2024 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-1451/1 од 19.02.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека трошоците за закуп на стан, како и цените за менување на лични документи во државата се превисоки.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема конкретни наводи кои би упатиле на дејствие што претставува корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор